Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 188/2017
30.10.2017 год.
СКОПЈЕ

Со одлука на Наставно-научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, на својата триесет и прва седница на Научно-наставниот совет, одржана на 18.10.2014 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден научен соработник.

Комисијата во состав: проф. д-р Катерина Колозова, доц. д-р, проф. Ана Блажева и доц. д-р Викторија Боровска по прегледот на доставените документи и материјали, го поднесува на усвојување следниов

# И З В Е Ш Т А Ј

## 1. Биографски податоци

Д-р Ирена Цветковиќ, родена 15.03.1982 год. во Скопје. Дипломирала општа и компаративна книжевност на Филолошкиот факултет, на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Скопје во 2005 година.

Во 2010 година магистрирала на Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан", на студуската група социологија и род.

На 14.07.2017 година успешно го одбранила својот докторски труд со наслов: „Преобмислвање на заедниците: тело, граници, емоции", на Институтот за општествени и хуманистички истражувања „Евро-Балкан", Скопје и се стекнала со звањето доктор на науки по родови студии.

Од 2009-2011 е избрана во соработничко звање помлад асистент на Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Институтот за родови студии. Во склоп на оваа работа таа работела практична работа со студенти на Институтот за родови студии на следните предмети: Вовед во родови студии, Историја на полот и родот во 19 век, Стратегии за родова рамноправност (вклучувајќи родово одговорно буџетирање), Технофеминизмот и сајбер-културата. Во овој период била избран за координатор на проектот "Ноќи на правата на жените", во соработка со учениците од Институтот за родови студии, учениците од ЕСРА и УН Жени.

Во 2009-210 година е избрана за координатор на ЕКТС на Институтот за родови студии на Универзитетот Св. Кирил и Методиј.

## 2. Научно-истражувачка дејност

По прегледувањето на приложените трудови, особено по прегледувањето на успешно одбранетиот докторски труд и по усогласувањето на поединечните мислења, констатирано е дека научните истражувања на д-р Ирена Цветковиќ се насочени кон истражувања од

областа на родовите студии, човековите права, правата на маргинализираните групи,сексуалните права, студиите на културата, и т.н. Во своите истражувања и искуството во работата на високообразовните и научни установи, таа ги развива своите научно истражувачки прашања, продлабочувајќи ги теориските и емпириските концепти поврзани со интердисциплинарните области од полето на општествените и хуманистички науки. Значајна перспектива на нејзините истражувања се критичкиот и акцискиот пристап.

Таа е извршна директорка на Коалицијата за сексуални и здравствени права на маргинализираните заедници при што била и проектен координатор на бројни проекти на оваа организација.

Д-р Ирена Цветковиќ била координаторка и учествувал во повеќе истражувачки проекти. Дел од нив се следниве:

2015-2016 Главен обучувач во Месен Центар на општина Центар за обука на наставници и наставнички на основни училишта за сексуална и репродуктивна едукација како дел од пилот проектот за воведување на сеопфатно сексуално образование во основните училишта;

2015Кооринатор на проектот: Децентрализација на активностите за застапување на ЛГБТ права, поддржан од УСАИД.

2014-2015 Проектен координатор на Македонскиот тим за РРПП програмата: Истражување за Застапеноста на родовите малцински групи во медиумите во: Србија, Црна Гора и Македонија.

2013 Координатор на проект: Граѓански иницијативи за ЛГБТ правата, поддржано од УСАИД.

2012-2013 Асистент и истражувач на прокт на ХОПС за Мониторинг на квалитетот на лекувањето во зависност од дрогите во Скопје.

2012 Помлад истражувач на проект на УН Жени и Реактор за Истражување за родовото насилство и дискриминација на жените и девојките во урбаните јавни простори на градот Скопје.

2009-2011Помошник истражувач на РРПП програмата, во истражувачкиот проект: "Родови практики на универзитетите во Република Македонија / исклучување / вклучување на жените во процесите и телата за донесување одлуки".

**3. Листа на публикаци:**

“Cyberfeminism in the era of blogging”, Kulturen Zivot, Skopje, 2009
“Political and sociological trends in Macedonian blogosphere”, Friedrich Ebert Stiftung, Skopje, 2009
"Media, (non)discrimination and marginalized communities”, HOPS, Skopje 2009
Родовата пратика на универзитетите во Република Македонија:
вклученост/исклученост на жените во телата и процесите на донесување одлуки,
Филозофски факлтет- Институт за родови студии, Скопје, 2011

"Media and marginalized communities”, Coalition “Sexual and health rights of marginalized communities”, Skopje, 2011

Editor of "Woman stories from 2001 Macedonia", Mirovna Akcija, Skopje, 2011

„Scoping study on gender based violence and discrimination against women and girls in urban public spaces of the city of Skopje", Reactor- Research in action, Skopje, 2013

Representations of Gender Minority Groups in Media: Serbia, Montenegro and Macedonia/ Policy Recommendations, Faculty of Media and Communications, Belgrade, 2015

Co-author of "Heteronormative Agnotology: The Performative of Silence and Ignorance in Macedonian Media" in "Representations of Gender Minority Groups in Media: Serbia, Montenegro and Macedonia" edited by Tatjana Rosic-Ilic, Jasna Koteska and Janko Ljumovic, FMK, Faculty of Media and Communications, Belgrade, 2015, 93-130

„Каде да се фокусираме? Приоретизација на истражувачки области заради адресирање предизвици во науката и општеството" во „Предизвици и можности за финансирање на научното истражување во Република Македонија, Фондација Отворено општество-Македонија Скопје, 2017

**5. Членство во професионални тела:**

Од 2011 до 2015 година е членка на Одборот на Фондацијата отворено општество Македонија; Членка на Меѓународната размена на алумни на Бирото за образовни и културни работи, Стејт департмент на САД.

**5. Заклучок и оброзложение:**

Врз основа на увидот во поднесената документација, Комисијата констатира дека кандидатката д-р Ирена Цветковиќ значајно придонесува во развојот на вкупната научноистражувачка, стручно-апликативна и организациско развојна дејност.

Д-р Цветковиќ има поминато низ сите фази од подготовката и реализацијата на научно-истражувачките проекти, организација и реализација на научни истражувања, анализа на податоци и пишување на научни студии. Нејзините трудови се базирани на самостојно и тимски работени истражувања и анализи, што покажува сериозно владеење на методологијата и теоријата во општествените истражувања.

Изборот на тема за нејзиниот докторски труд, покажува дека кандидатката прави сериозен научен зафат за анализа на проблеми кои се од суштинска вашност во развојот на општествените и хуманистичките науки, особено родовите студи. Со тоа покажува сериозна иницијативност, самостојност и желба да даде придонес во развојот на соодветните области.

Врз основа на горе изнесенато како и на содржина и карактеристики на научно-истражувачката и уметничката дејност на кандидатката, Комисијата заклучи дека кандидатката значајно придонесува во развојот на теориските интерпретации на родовите студии, социологијата, човековите, родови и сексуалните права. Емпирискиот дел на нејзините истражувања покажува дека кандидатката солидно ја владее методологијата на

истражување во областа на општествените и хуманистички науки, оттука Комисијата констатира дека д-р Ирена Цветковиќ ги исполнува условите предвидени со Законот за научно – истражувачка дејност на Република Македонија, за избор во научно звање - научен соработник (еквивалент: доцент).

**Предлог:**

Запознавајќи се со научниот опус и наставените активности на д-р Цветковиќ, можеме да заклучиме дека таа постигнала значајни научни резултати кои имат влијание на развојот на науката и практиката во Република Македонија. Имајќи го предвид сето ова, ни претставува чест и задоволство да му предложиме на Наставно-научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, д-р Ирена Цветковиќ да се избере во звањето научен соработник (еквивалент: доцент) при Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје.

**Рецензентска комисија:**

1. Д-р Катерина Колозова, редовен професор, Претседателка, ИОХН- Скопје
2. Д-р Ана Блажева, доцент, членка, ИОХН- Скопје
3. Д-р Викторија Боровска, доцент, членка, ИОХН- Скопје



ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
Ул. 20-ти Октомври, бр. 8, 2 кат, 1000 Скопје
Тел./факс: +389 2 311 30 59
Е-пошта: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk